**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „ФИНАНСИСКА РЕГУЛАЦИЈА“ ОД АВТОР ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-100/7, донесена на 158-та редовна седница на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 17.05.2018 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Ристо Фотов, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, и
- Проф. д-р Стеван Габер – вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта), со наслов *„Финансиска регулација“* од авторот: Доц. д-р Марија Гогова Самоников, наменета за студентите од прв циклус студии на Економскиот факултет, на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно - научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Финансиска регулација” од Доц. д-р Марија Гогова Самоников, претставува заокружена целина на материјата поврзана со местото и улогата на финансиската регулација во рамките на целокупниот финансиски систем, која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет – Финансиска регулација. Скриптата е наменета за изучување на наведениот предмет од страна на студентите од: трета студиска година (седми семестар) на Финансии, каде предметот Финансиска регулација се јавува како изборен, со неделен фонд на часови 2+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови, 6 кредити.

**Податоци за обем на ракописот.** Скриптата содржи 135 страници, со повеќе табели, графикони и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На крајот на ракописот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на финансиската регулација и финансиските системи. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите осознавање на значењето, местото и улогата на финансиската регулација во рамките на целокупниот финансиски систем во една земја, како и значењето на обработката на податоците оваа област во глобални рамки. Посебно значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Финансии; со оглед на фактот што концепирањето и димензиите на финансиската регулација претставуваа доста важен елемент во финансискиот систем во целина. Посебно внимание заслужуваат: структурата на финансиските системи, причината за финансиска регулација во овие системи, финансиските кризи низ историјата, формите на регулација на финансиските пазари, финансиската регулација на банкарскиот сектор, слабостите на регулацијата и

регулацијата на финансискиот систем во Република Македонија. Од оваа причина, сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во 7 засебни делови, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првиот дел се обработени основите на структурата на финансискиот систем, неговите составни единици, институции и инструменти, како и принципите и правилата по кои овој систем функционира.

Во вториот дел од материјалот се обработени прашања во врска со причините за регулација на финансиските пазари кои произлегуваат од неколку аспекти. Аспектот на глобализацијата, финансиските иновации и кризи се детално обработени како носечки причинители кои го оправдуваат постоењето на регулирање на доменот на финансиско работење.

Третиот дел е посветена на комплетна анализа на финансиските кризи низ историјата како и нивна компарација. Анализата е направена со цел да се дојде до констатации за сличностите и разликите во економските нерамнотежи кои ги имаат потресено финансиските системи низ историјата од аспект на развиеност на пазар, причинители и последици.

Во четвртиот дел детално се разработени формите на регулација на финансискте пазари.

Во петтиот дел акцент се става на банкарскиот сектор, поточно на финансиската регулација во овој домен од причина што ова е секторот кој е носечки во финансиските системи.

Во шестиот дел внимание се посветува на слабостите на финансиската регулација и на причинителите кои придонеле истата да потклекне и заврши со создавање на банкарски или финансиски нерамнотежи. Во овој дел се дадени и насоки за тоа како слабостите можат да бидат потенцирани и соодветно потребите елиминирани.

Последниот, седми дел е оставен за состојбите поврзани со финансиското регулирање во Република Македонија.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на финансиска регулација, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните форми, модели, слабости, причинители на овој дел од работењето на финансиските системи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот, да можат практично да ја осознаат историјата и последиците кои таа ги има оставено преку несоодветното третирање на регулативниот систем во рамки на финансискиот. Не само да прибираат, обработуваат и користат информации, туку да се оспособат истите и правилно да ги искористат и применат. Да бидат способни, да го проценат значењето на финансиската регулација, да ги откријат сите пропусти и негативности во работењето на овој систем, кои понатаму би биле предмет на коригирање, а истовремено да ги идентификуваат позитивностите кои треба да се стимулираат.

Согласно горенаведените констатации,  а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Скриптата ФИНАНСИСКА РЕГУЛАЦИЈА од Доц. д-р Марија Гогова Самоников, претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со процесот на финансиската регулација како и сите процеси поврзани со истата што се одвиваат во рамки на финансиските системи. Авторот направил успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат регулативните норми во финансиското работење во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките, моделите и формите на процесот на анализа и дизајнирање на регулативните норми во финансиското работење.

Сметаме дека трудот ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, при Универзитетот Гоце Делчев од Штип, да му предложиме скриптата со наслов „Финансиска регулација" од Доц. д-р Марија Гогова Самоников, да ја одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов**
**Проф. д-р Стеван Габер**